Финансирано од Европска Унија

# РЕГИОНАЛНИ МОДЕЛИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА

Примерите од Словенија, Хрватска и Србија покажуваат дека не постои **едно универзално решение за финансирање на заштитените подрачја**.

Секоја држава развива модел според сопствените приоритети, а секое заштитено подрачје се прилагодува според своите карактеристики, потенцијали, можности и режимот на заштита.



**Словенија**

81% од приходите на НП Триглав доаѓаат од државниот буџет.

**Поука за моделот:** Државата јасно ја презема основната финансиска обврска за управување и заштита.

**Хрватска**

Во НП Плитвички Езера, околу 54% од приходите се од влезници, а околу 44% од услуги и продажба.

**Поука за моделот:** Туризмот може да обезбеди високи приходи, но носи ризик од преголем туристички притисок.

Националните паркови и парковите на природата се здружени во систем за заедничка наплата на влезници и унифицирана туристичка понуда. Сите паркови издвојуваат 3% од својот приход за поддршка на помалите заштитени подрачја.

**Поука за моделот:** Здружено делување и солидарно финансирање го олеснува управувањето со заштитените подрачја.

**Србија**

Во НП Копаоник, околу 26% од приходите се од влезници, 29% од други надоместоци за користење на заштитеното подрачје, а околу 12% од буџетски донации.

**Поука за моделот:** јасно законско уредување на надоместоците за користење на природни ресурси, при што приходите од користење на подрачјето се враќаат назад во неговата заштита и управување.

## ШТО Е ЗАЕДНИЧКО?

1. Во сите заштитени подрачја се наплаќа влез, иако цените значително варираат.
2. Туристичките услуги и другите надоместоци може да играат важна улога во финансиската стабилност.
3. Државата во сите модели задржува одредена трајна финансиска одговорност.

## ШТО Е ПОТРЕБНО ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА?

**Потребен е комбиниран и појасно структуриран модел во кој:**

• државата ќе ги покрива основните функции на системот;
• управувачите постепено ќе развиваат сопствени приходи;
• дополнителните извори ќе се користат во рамки на режимот на заштита на природата;
• ќе се обезбеди подобра координација меѓу заштитата на природата, локалниот развој, туризмот и другите секторски политики.

!

**Не е доволен само еден извор на финансирање на заштитените подрачја!**

На заштитените подрачја им е потребен комбиниран модел на финансирање, кој ќе обезбеди државна поддршка за основните потреби, а истовремено ќе им овозможи на управувачите да развиваат дополнителни приходи преку надоместоци, услуги и други извори, без да се загрозат природните вредности.

Овој инфографик е изработен во рамки на проектот „Поддршка за одржливи финансиски модели за заштитени подрачја", имплементиран од Натура МК, во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан", имплементиран од Центарот за правни истражувања и анализи, Македонското здружение на млади правници и Фронт 21/42, а е финансиски поддржан од Европската Унија.
Содржината на инфографикот е единствена одговорност на Натура МК и не треба на било кој начин да се смета за одраз на официјалниот став на Европската Унија